Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 241/0306
28.06.2018 год.
Скопје

28.06.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 јуни 2018 година, врз основа на примена жалба од Здружение за социјална правда – Левичарско движење „Солидарност“ – Скопје и група граѓани, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Интернет порталот „Правосудство.мк“ со текстот насловен „Ексклузивно: И левичарите барале пари од Медиа Принт Македонија“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1 и 4.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 3 јуни 2018 година, Здружението за социјална правда – Левичарско движење „Солидарност“ – Скопје и Кире Василев, Васко Цацаноски, Александар Ковачевски, Здравко Савески, Мариглен Демири, Мартин Краљевски, Дамјан Божиновски, Марија Башевска, Дејан Лутовски, Артан Садику и Кирил Бисероски, поднеса жалба за текстот со наслов „„Ексклузивно: И левичарите барале пари од Медиа Принт Македонија“, објавен на 3 јуни 2018 година, на интернет порталот „Правосудство.мк“ (www.pravosudstvo.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, незастапена втора страна, навреда и клевета.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Правосудство.мк“и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Правосудство.мк“ не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 4:

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 4:*** *„Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити“.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 25 јуни 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Притоа, најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, утврдија дека прилогот произлегува од јавниот интерес, но оти изборот на фактите во новинарскиот производ не може со сигурност да обезбеди објективна информација. Ова од причина што авторот на текстот не го испочитувал основното новинарско правило да побара став од засегнатите страни во новинарскиот производ. Со тоа, медиумот го прекрши членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој, особено се издвојува третиот пасус од текстот:

***„На листата на „побарувачи“, освен „Солидарнсот“, Савески и Демири, се и и имињата на Александар Ковачевски, Мартин Краљевски, Дамјан Божиновски, Марија Башевска, Васко Цацаноски, Дејан Лутовски, Артан Садику, Кире Василев и Кирил Бисероски. Доколку се соберат сите износи кои се побаруваат од споменатите, а кои суми не им се прифатени и признаени од стечајниот уптавник на „МПМ“, Живко Калков, ќе се дојде до сума од околу 30.000 евра“.***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати страни во текстот да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Понатаму, Комисијата најде дека во текстот е прекршен и членот 4 од Кодексот на новинарите, според кој, новинарот треба да го назначи изворот на информациите, освен во случаи, кога изворот бара да остане анонимен. Ова уште повеќе што медиумиот во самиот наслов најавува информација со префикс „ексклузивно“, без притоа воопшто да спомене каков било извор во текстот. Отстапувањето од ова начело посебно е нагласено во воведниот дел:

***„Повеќе од половината имиња ставени на листата, на оние на коишто им се оспорени финансиски побарувања од „Медиа Принт Македонија“, го сочинуваат членови на Здружението за социјална правда – Левичарско движење „Солидарност“, но и потесното раководство на политичката партија „Левица“!“***

Изворот на информацијата, по правило, треба да се идентификува, освен кога тоа може да влијае на неговата безбедност или безбедноста на трета страна.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Правосудство.мк“ (www.pravosudstvo.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595